


## Дали Спасовски со потерницата замачкува очи на јавноста? Дали вистинските наркобосови не се опфатени?

Спасовски една недела молчи за бегството на наркобосовите од Грчец. Спектакуларно најавуваната акција „Планина“, заврши како „Ритче“. Врвот на власта ги спаси челниците на мафијата и им помогна да избегаат.
Невозможно е да пропадне полициска акција, ако затоа не помогне врвот на полицијата или власта. За успешно бегство се потребни голем број на информации, кои ги имаат само тесен круг на луѓе, а тоа се луѓето на Спасовски, тој самиот или Заев.
Потерницата која што ја распиша МВР е само замајување на јавноста.
Спасовски да каже дали и зошто има лица кои не се дел од потерницата на МВР, а биле вмешани во трговијата со дрога?!
Дали Спасовски ќе сака да ги замачка очите на јавноста со апсења на сосема други луѓе кои би оделе како жртва за вистинските наркобосови?!
Кој и кого штити Спасовски и Заев?!
Едно е јасно, мафијата во Македонија има држава, и тоа ќе биде така се додека Зоран

Заев е на власт.